NANSEN DIALOGUE CENTRE
SKOPJE

Ул. Бахар Моис бр.4
1000 Скопје
Република Македонија

+389 (0) 2 3209 905
+389 (0) 2 3209 906

ndcskopje@ndc.net.mk
www.ndc.net.mk

NANSEN MODEL
FOR INTEGRATED EDUCATION



# ГОДИШНИ ПРОГРАМИ

## ЗА ИНТЕГРИРАНИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

( за седмо, осмо и деветто одделение основно образование)

Нансен Дијалог Центар Скопје

Програмите се изготвени од страна на Тимот за едукација, обука и развој при Нансен Дијалог Центар Скопје

Скопје, јануари 2014



Лектор: Лорета Шкиљевиќ

Програмите се финансиски поддржани од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка

# Содржина:


**РЕЦЕНЗИИ НА ПРОГРАМСКИ ОСНОВИ** ........................ 4-12
на Нансен Модел за интегрирано образование

VII **СЕДМО ОДДЕЛЕНИЕ** ........................ 14-30
Годишна програма за интегрирани вонаставни активности за основно образование

- **Вовед** ........................ 15
- **Образование за мир и толеранција (I)** ........................ 17
- **Еко-секција** ........................ 23
- **Музичка секција** ........................ 27

VIII **ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ** ........................ 32-48
Годишна програма за интегрирани вонаставни активности за основно образование

- **Вовед** ........................ 33
- **Образование за мир и толеранција (II)** ........................ 35
- **Спортски клуб Нансен** ........................ 41
- **Медиумско-сценска секција** ........................ 45

IX **ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ** ........................ 50-66
Годишна програма за интегрирани вонаставни активности за основно образование

- **Вовед** ........................ 51
- **Клуб на логичари** ........................ 53
- **Народите на светот** ........................ 59
- **Откривам и истражувам** ........................ 63



# Рецензии на програмски основи

на Нансен модел за интегрирано образование

# Проф. д-р. Зоран Велковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
Филозофски факултет
Институт за педагогија

*Нансен моделот за интегрирано образование во својот фокус ги има учениците, припадници на различни етнички групи, од основното и средното образование кои учат во етнички мешани училишта. Просторот во кој се реализира припаѓа на делот на воннаставните активности во рамките на училишниот курикулум. Таа претпоставува нов дизајн на настава и учење и внесува нова организација во работењето на училиштата во кои се интегрирани учениците, припадници на различни етнички заедници. Во отсуство на интегрирачки механизми во редовниот наставен процес, поради поделеноста на учениците од различно етничко потекло, програмата има силна компензаторска улога и промовира не само интеграција на учениците туку и интеграција на наставниот кадар, со различно етничко потекло, во рамките на воннаставните активности во училиштето. Развивањето на интеркултурниот дијалог меѓу учениците и меѓу наставниците претставува основна платформа на која се темели Нансен моделот за интегрирано образование.*

*Моделот за интегрирано образование на Нансен дијалог центар Скопје се етаблира како квалитетен и, на состојбите во државата, соодветен модел за јакнење на интеркултурниот дијалог меѓу учениците од етничко, културно и верско потекло. Овој модел врши силно влијание како врз учениците и врз наставниците така и врз училиштата и пошироката околина. Моделот е оригинален за окружувањето во кое се реализира, и претставува иницијатива која во потполност соодветствува со државните приоритети во образованието.*

*Програмата се реализира во средини кои се карактеризираат со етнички мешано население. Основната карактеристика на овие средини е етничката поделеност која по конфликтите од 2001 година е засилена, и претставува силен фактор за поделеност на учениците по етничка основа не само надвор од училиштето туку и во него. Во услови на силна затвореност на младите и возрасните во сопствените културни вредности, програмата се обидува да реализира модел кој ќе биде во функција на јакнење на интеркултурниот дијалог.*

*Наставниот процес е организиран на тој начин што содржините од воннаставен карактер се ставени во корелација со задолжителните наставни содржини и претставуваат нивно надополнување. По завршувањето на редовната настава (која се изведува на мајчиниот јазик на учениците), се реализираат воннаставни активности засите ученици на ниво на одделенијата. Во содржините доминира мултиетничкиот контекст кој има за цел, покрај знаењата, кај учениците да развие и чувство и ставови за „другата“ култура и нејзините вредности. Пристапот е ненаметлив, со многу малку барања за меморирање, и ги растоварува учениците од „обврската“ за задолжително учење.*

*Примената на интерактивните методи во работата со учениците е задолжителна компонента во реализација на програмата. Со групите ученици од различно етничко потекло работи тандем на наставници од кои секој паралелно ја реализира наставата на својот мајчин јазик, соодветен за дел од учениците. Двојазичната компонента е централниот столб на кој се темелат програмските активности. Наставниците се вклучени тандемски во обликувањето на вonнаставните содржини, што е истовремено и платформа за интегративните процеси во училиштето. При реализација на активностите наставниците зборуваат на својот мајчин јазик со тоа што не се преведуваат симултано, туку ги парафразираат прашањата, објаснувањата, сугестиите. Притоа, сите ученици имаат можност да следат настава на два јазика истовремено со што се создава основа за збогатување на нивниот вокабулар со зборови на јазикот на „другиот“. Учењето на јазикот на „другиот“ е спорадичен ефект кој произлегува од основната намера на програмата – градење на сензибилитет за разликување на различитоста и непосредната порака дека две различитости можат да функционираат како една целост.*

*Во работата со учениците доминира групната форма на наставна работа комбинирана со игриви активности со што се дава можност за непосредна соработка на учениците од различна етничка припадност во спроведување на активностите за време на наставата. Тежиштето на учењето е поставено врз сознанијата кои се црпат од искуството на учениците и околината, и често се поврзани со она што го учат учениците во редовната настава. Од учениците се бара да размислуваат логично и да развиваат флексибилност кон појавите со јасно нагласена тенденција за развивање на дивергентно и критичкото мислење кај учениците.*

*Нансен моделот за интегрирано образование има силно влијание врз зајакнување на персоналните и социјалните компетенции на учениците, врз градењето вештини и ставови за толеранција, меѓусебна соработка и разбирање. Неговата улога е силна во просторот на воннаставните активности, а неговите резултати укажуваат дека тоа е модел кој може лесно да прерасне во државен модел за јакнење на интеркултурниот дијалог во сферата на образованието и пошироко.*

# Проф. д-р. Авзи Мустафа

Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје

*Овој проект, како модел кој се применува во образовниот систем како еден сеопфатен обид за нашата училишна реформа, е пред сѐ мошне интересен. Проектот е познат како модел за интегрираните воннаставни активности што се реализираат во рамките на основните и средните училиште и е познат како: Нансен модел за интегрирано образование, а се спроведува преку Нансен дијалог центар Скопје, и е поддржан и од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија.*

*Тргнувајќи од поставената цел, Нансен моделот за интегрирано образование е една нова комбинација на методологијата на организирање и предавање во групи со различната етничка припадност, со една нова филозофија на опфатот на учениците од различни етнички средини. Овој проект во Македонија се реализира со организирање на активниости кои учениците можат да ги остварат за време на слободните ученички активности во училиштата вклучени во спроведување на овој модел.*

*По 5 години слободно може да се каже дека проектот има силно позитивно влијание не само кај поддржувачите и кај партнерите на проектот, туку и кај повеќето ученици, родители и училишта, кои денес со гордост ги истакнуваат вредностите и придобивките од овој мошне интересен модел во мултиетничките општества, какво што е и нашето. Нансен моделот за интегрирано образование не е интересен само како модел или новина на некоја училишна реформа, туку пред сѐ е важен и интересен што во преден план нуди еден сегмент на сложена образовна дејност, особено кога се наоѓаме во суптилен период на економска, социјална, политичка и етничка состојба. Со овој модел се овозможува да се негуваат позитивните навики во разрешување проблеми, и тоа да се врши преку заеднички активности кои се реализираат преку игра и со вклучување во разните секции, од каде се доаѓа до подигнување на нивото на толеранцијата, подобрување на самовреднувањето, како и субјективните показатели во развивањето на животните вештини преку богати содржини, кои се тесно интегрирани со содржините од формален и задолжителен карактер. Овој модел во хетерогените средини со различен етнички состав има за цел подобрување на животните вештини преку доброволни вонучилишни активности.*

*Младите преку Нансен моделот добиваат голема можност да ја развиваат и зајакнуваат спонтано и природно интеракцијата не само меѓу учениците, туку и на релацијата ученици-професори-родители. Сите предвидени активности преку овој модел создаваат можност и на наставниците и на учениците заедно да планираат и подготвуваат активности на двата јазика, заедно да организираат обука за примена на дидактичко- методичките постапки и др. Со проектот во интерес на учениците, без наметнување, се планираат интересни теми, а работата се одвива по групи, каде тие*

*се дружат и спонтано се социјализираат и воспитуваат, за да можат да живеат слободно без предрасуди кон другите во едно мултијазично и мултиконфесионално општество, во соживот и заедништво.*

*Моделот дава една голема можност за сензибилизирање на позитивна клима и соработка не само на учениците, туку и на наставниците и родителите. Во сите училишта во основното и во средното образование тој влева нов дух, го освежува и училишниот живот на детето, а училиштето добива во динамика. Така, преку овој модел, училиштето се јавува како катализатор на интеркултурната дејност, а доаѓа до израз и мотивирањето кај децата, развивањето на интеркултурен дијалог, негување на принципот на меѓусебната доверба, давањето можности на физички контакт меѓу учениците од различната припадност, остварување дијалог на непосреден начин и др. Преку креативните работилниците кои се концепирани со стимулирачки, мотивирачки, поттикнувачки и игровни содржини, организирани во програмите за ученици: уметничка, драмска, собраќајна, еко- секција итн., секциите нудат голема можност за активно вклучување на учениците во креирањето, во согласност со интересите, способностите, предзнаењата и талентите на учениците, а исто така овие програми нудат простор и за децата со посебни потреби, за нивно социјализирање и чувство на рамноправност со останатите ученици.*

*Едновремено, програмите од овој модел придонесуваат кај послабите ученици да се подигне нивото на знаења, со цел остварување на предметните цели. Учениците, преку слободните активности, придонесуваат за запознавање со јазикот и културата на другите, потенцирајќи ги сличностите и разликите меѓу самите ученици. Наставниците со овој модел ја напуштат својата традиционална улога и работните методи и ја преземаат улогата како олеснувач и соученик, а не како обичен предавач што пренесува само информации. Наставниците се свесни дека овој модел им одзема повеќе време наспроти традиционалниот, но се свесни и дека примената на овој метод има повеќе ефекти, за да се држат учениците ангажирани во процесот на усвојувањето.Од програмите јасно се гледа дека составувачите, како и наставниците што (ќе) ги применуваат тие програми, ги конципирале во соработка и со учениците, па така, сите програми за сите одделенија се многу интересни и допадливи за учениците.*

*При изборот на содржините секогаш се тргнувало од принципите на достапност според психичко-физичките способности на ученикот и на актуелноста и атрактивноста. Во содржините кои се реализираат преку елементите на играта на мајчините јазици и преку парафразирање на едниот или другиот јазик, спонтано се откриваат разликите и сличностите и тие на еден ист час или во разни организирани воннаставните активности, постепено се запознаваат со двата јазика и тоа го прават преку разни организирани форми, односно преку разни секции.*

*Општо земено, програмите наменети за овој модел на воннаставни активности, при реализацијата на целите се покажуваат како многу ефективни во исполнување на поставените предвидувања. Од тоа што е покажано во досегашната работа во примената и учинокот на овој проект, може да се констатира дека тој треба да се поддржи силно од сите фактори, како од директорите, Министерството, другите институции и локалната власт, давајќи поддршка во насока на применување на таквите програми и стекнување на придобивки од нивниот ефект за нивно интегрирање во општата реформа на курикулумите.*

# Илија Лешковски

поранешен советник
Биро за развој на образованието на Р. Македонија

*Дидактичко-методичките решенија предложени во годишните програми за интегрирани вонаставни активности од I до IX одделение во основното образование и од I до IV година во средното образование, претставуваат прв обид во воспитно- образовната практика, во обединувачка целина сегментарно да бидат поместени содржини за вонаставните активности. Понудените интегрирани вонаставни содржини овозможуваат да се негува позитивна социо-емоционална клима во групата со хетероген етнички состав, како и конструктивна тимска и тандемска соработка меѓу сите ученици. Современите гледања на процесите за интегрирани вонаставни активности ги следат програмски сегменти, содржини и методски решенија. Во методска смисла, содржините се со сознајни вредности кои овозможуваат реализација на цели од други програмски подрачја.*

*Програмската интеграција на вонаставните активности претставува методски предизвик за наставникот и ученикот, затоа што овозможуваат двојазичен пристап во реализацијата на содржините со ученици од различни етнички заедници. Покрај неопходните сознајно–методски елементи, програмските содржини нудат широк спектар на стимулирачки, мотивирачки, поттикнувачки игриви и истражувачки активности кои се во функција на стекнување општа култура на ученикот. Севкупните активности во сите фази се подредени и насочени кон оспособување за заедничко живеење, дружење и почитување на разликите, и збогатување на елементарниот вокабулар со поими и културно-социјални фрази од говорниот јазик на друга етничка заедница.*

*Понудените содржини не ги исцрпуваат сите можности за реализација на интегрираните вонаставни програми. Наставниците можат да негуваат флексибилен и критички однос кон понудените содржини, да изнајдат свои патишта за реализација кои ќе бидат приспособени и сообразени со конкретните услови за работа со можност самостојно да одберат 2–3 секции од понудените во рамките на годишната програма.*

*Нагласени активности кои ги нудат интегрираните вонаставни програми се:*

- *Развивање на способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на јазик од друга етничка зедница;*
- *Користење повеќе извори на знаења;*
- *Упатеност кон родителите и возрасните;*
- *Меѓуетничка и мултикултурна соработка;*
- *Нагласена интеракција на наставникот со учениците.*

*Врз основа на критичкиот увид во вкупната воспитно-образовна носивост и дидактичко-методичката функционалност на понудените годишни програми за интегрирана вонннаставна активност, може да се заклучи дека се понудени програми кои одговараат за организирање и реализирање на квалитетна вонннаставна активност во основното и средното образование.*

*Посебен квалитет на програмите е двојазичниот пристап во реализацијата, секојдневно присутен при нивното изведување со учениците од македонските, албанските, турските и српските паралелки. Низ понудените секции, тематски подрачја и содржини може да се оствари квалитетен и заокружен вовед на учениците во најразличните воспитно-образовни аспекти, односно подготовка на учениците за соживот и заедништво, меѓусебно разбирање, почитување, помагање, мир и толеранција и квалитетно живеење во заедницата. Програмите преку понудените содржини овозможуваат негување на интеркултурализмот во мултиетничката реалност, главно, преку комуникацијата и учењето на јазиците и запознавањето на културата и религијата на други етнички заедници.*

*Мошне значајно е што овие модели на програмирање, планирање, организирање и реализирање директно кореспондираат со најновите тенденции во современото воспитание и образование кај нас и во светот.*
*Актуелноста и дидактичко-методските решенија на програмите за вонннаставно интегрирано планирање ќе придонесе наставниците да ги прифатат програмите како потреба, но и како инструктивен материјал за непосредна реализација на вонннаставните активности.*

*Од тие причини, со особено задоволство предлагам годишните програми за интегрирано вонннаставно планирање наставниците да ги прифатат како корисна алатка за планирање и реализација на вонннаставните активности во основното и средното образование.*

# Ѓонул Бајрактар

Поранешен директор на ОУ „Тефејуз“ - Скопје

*Образовниот систем во Р. Македонија во последниве години прави големи напори за промовирање на интегрираното образование, особено во вклучувањето на учениците од различни етнички заедници во процесот. Целта на образовниот модел (нансен модел за интегрирано образование) е да ги охрабри, негува и интегрира мултиетничките вредности, почитување на различностите, правата и обврските во мултиетничко општество, подобрување и развивање на меѓусебната комуникација, како и создавање позитивна емоционална клима во училиштата и во општеството.*

*За организирање на интегрирани воннаставни двојазични активности во програмите на Нансен моделот за интегрирано образование за основно и средно образование опфатени се сите глобални цели. Селекцијата на трите теми во годишните програми е направена професионално. При селекцијата предвид се земени психофизичкиот развој на децата и содржините на темите и активностите што се планирани за учениците од различните етнички заедници. Во состав на активностите децата соработуваат меѓу себе, комуницираат, се почитуваат, а истовремено ги надминуваат стереотипите и предрасудите за другите. При спроведувањето на оваа програма се развива позитивна клима во средината, а на тој начин се зголемува интеракцијата и соработката меѓу учениците, наставниците и родителите. Од голема важност и точка која треба да се потенцира е појавување интерес за запознавање со јазикот на другиот, како и интерес за различната култура и традиција. Не треба да се занемарат и целите што влијаат врз развивањето на детскиот талент, љубопитност, логиката, трудољубивоста, фантазијата, критичкото мислење како и индивидуалноста на детето.*

*Современата организација на наставата полека треба да го напушти училишниот систем на пренесување готови знаења и нивна репродукција. Наставата треба да се збогатува со нови организациони форми и методски постапки кои развиваат продуктивно и творечко мислење кај учениците. Според Нансен моделот за интегрирано образование и интегрираните воннаставни активности, важно е да се спомне дека наставниците се подготвени за промени за ревидирање на својата улога, бидејќи тие се во улога на насочувачи, мотиватори, аниматори, евалуатори, соработници итн. Исто така, ученикот не треба да добива готови знаења, но до нив треба да доаѓа врз основа на одредени мотивациски постапки. Затоа, ученикот треба да се оспособува за самостојно учење и задачите да ги добива како самостојна работа. Со тие постапки, тој не само што се оспособува за самостојна работа туку ја користи можноста истовремено да се искаже како творец и креатор. Со тоа ќе се постигне една од основните задачи на основното и средното образование „кај учениците да се развива самостојноста и креативноста и да се збогатува*

*интересот за усвојување нови знаења и способности за учење". Според ова, поставените цели, задачи и активности во програмата за интегрирани воннаставни активности според НМИО, овој модел го прави различен од редовната т.е задолжителната настава. Образованието е процес на стекнување знаења, вештини и навики, формирање поглед кон светот и психофизички развој на учениците. Знаеме дека денес учениците се медиумски опкружени. Поради тоа еден учител тешко може да прераскажува и прикажува една содржина која на едно место ќе задржи група слушатели. Во тоа може да успее само ако подготви активно дидактичко сценарио во кое слушателите ќе бидат активни учесници, ќе бараат информации, ќе ги обликуваат и применуваат пронајдените информации, ќе ги решаваат проблемите, ќе истражуваат и откриваат итн. НДЦ Скопје тоа професионално го прави преку добро организираните и високопрофесионалните програми за интегрирани воннаставни активности според НМИО.*

*Посебно треба да се потенцира и да се охрабри вклучувањето на соодветните наставници од различни етнички заедници, бидејќи на тој начин се зголемува комуникацијата и соработката меѓу нив, и така се развива и соработката меѓу родителите од различните етнички заедници.*
*Идејата за подготовка на завршна презентација (изложба, претстава, натпревар) претставува позитивна компонента во целиот процес, каде што вложениот труд и работа на сите учесници е особено важен за промоција на интегрирано образование. Вклученоста на учениците од различни етнички групи, наставниците, родителите, како и на локалната заедница и медиумите, се меѓу најважните алки во синџирот на образовниот процес, и особено треба да се внимава секоја од овие алки да си го најде местото во процесот на интеграција.*

*Од моето досегашно искуство во областа на образованието, можам само да ги охрабрам и поддржам ваквите напори за интегрирани воннаставни активности, со цел во иднина да имаме генерации кои ќе се почитуваат, и покрај толкуте различности заедно да изградат мултиетничко општество.*



